Република Северна Македонија

Republic of North Macedonia

КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

COMMISSION FOR RELATIONS WITH RELIGIOUS COMMUNITIES AND GROUPS

Бр. 03-516/1

Скопје, 02.12.2021

Врз основа на член 49 став (2) и член 57 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) а во врска со член 11 став (4) од Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/2021) директорот на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи донесе

# РЕШЕНИЕ

## за определување на координатор и заменик координатор за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите

1. За координација на работите од надлежност на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите се определуваат следните административните службеници:
   - **Елена Стојанова**, со звање Советник за односи со медиуми во Одделението за соработка со државни институции и документација и односи со јавност, Сектор за соработка со државни институции и документација и административна поддршка како координатор и
   - **Наташа Ниќифоровиќ**, со звање Советник за следење на активностите на црквата, верската заедница и религиозната група во Одделението за соработка со црква, верска заедница и религиозна група, Сектор за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол, како заменик координатор.

2. Административните службеници од точка 1 од ова решение се одговорни за спроведување на должностите во надлежност на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, даваат мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

3. Во исполнувањето на своите задачи должни се да соработуваат со Министерството за труд и социјална политика.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор,**
**м-р Даријан Сотировски**

Доставено до:
- Именуваната
- Архива на КОВЗРГ
- Одделение за административна поддршка



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија